# Договор за тековно одржување ( 2 увиди за период од 12 месеци по потпишување на договор)

на соларен систем за топла вода, надвор од гарантен рок, склучен помеѓу:

1. **“Еко Солар доoел“** од Стар Караорман бб, Штип, во натамошниот текст **ИЗВРШИТЕЛ**

и

2. , во натамошниот текст **КОРИСНИК**,

## **Член 1** ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Вредноста на овој договор е 2400 денари/год. (+ 18 % ДДВ) доколку корисникот **има купено соларен систем од Еко Солар дооел** и сака извршителот да му биде достапен 12 месеци за повик кај соларен систем на кој му поминал гарантниот рок. Сумата се плаќа веднаш, како аванс на жиро сметка 270050084090106 по потпишан договор. **Вкупно за два увида се наплаќа е 2400*1,18=2832 ден, со ддв**. КоПо исплата на оваа сума на корисникот му се дава фактура и потпишан договор.

Доколку корисникот **нема купено соларен систем од Еко Солар дооел** (купил од друг трговец) и сака извршителот да му биде достапен 12 месеци за повик и сервис надвор од гарантниот рок, тој треба да плати 4000 ден. год ( + 18% ддв) како аванс. По исплата на оваа сума на корисникот му се дава фактура и потпишан договор.

## **Член 2** ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Со потпишувањето на овој договор, извршителот е должен на направи најмалку два бесплатни увиди кај корисникот, за период од 12 месеци од денот на потпишувањето, во термин претходно договорено со корисникот. Услугите кои се надвор од овој договор, ќе се решаваат во спогодба помеѓу извршителот и корисникот.
**Извршителот врши само увид за да го дијагностицира проблемот**. По овој увид тој дава **понуда на корисникот**, со цел тој да има реална слика какви активности (замена на делови, работна рака) треба да се направат за да се реши проблемот. Понудата се доставува на **е-маил на корисникот, тој самиот може да ја подигне од Извршителот или преку телефон**. Корисникот, по добиениот увид и понуда за сервис, оценува дали се согласува да се поправа соларниот систем или не.

**Во цената на еден увид на договорот е влучено**:

Саатнина на 2 мастори за увид ( 2 * 0,5 часа) = 1 час*600 ден. =600 ден.
Транспортен трошок од Караорман до било која локација одалечена макс. 10 км = 300 ден
Изготвување на понуда за сервис на соларниот систем , 0, 5 часа* = 300 ден.

**НАПОМЕНА**: Доколку странката има понуда од друг сервисер, кој направил увид и дал понуда, ние можеме да дадеме наша понуда (врз база на таа понуда). Тогаш не се наплаќа увид за проблемот.

## **Член 3** ВОНРЕДНА ИНТЕРВЕНЦИЈА:

Интервенцијата за вонредни или хитни повици надвор од овој договор ќе се решаваат со взаемно разбирање помеѓу корисникот и извршителот.

## **Член 4** МИНИМАЛНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА УВИДОТ

Увидот за увид ќе се извршува од Понеделник до Петок во период од 08.00h до 14.00 h. Пресметано време за траење за извршување на услугата за увид на проблемот е максимум 1 час (60 минути).
Во договорениот термин, 2 вработени од Еко Солар доаѓаат со службено возило, поставуваат скала за качување на кров, прават увид и не наплаќа ништо друго. (Транспортни трошоци, саатнина...)
Пролонгирање на времето на увид може да биде од: временски неприлики или виша сила (дожд или лизгав покрив, снег, премногу ниски температури, превисоки температури, забрана за работа на отворено од зголемен UV Индекс објавено преку министерство за труд и социјална политика, нарушени меѓучовечки односи со комшиите кои не даваат пристап до заеднички кров, болести, нема пристап кон место на увид, премногу ризично место за увид од аспект на електрични кабли или други слични причини)
При интервенција, извршителот е должен да обезбеди сигурен пристап до местото за работа. Корисникот е должен да го затвори доводот на вода до соларниот систем и довод на ел.енергија и да чека да дојде сервисната екипа, за да направи увид. Доколку ова не е направено од корисникот, извршелот не сноси никаква одговорност.

.

## **Член 5** Попуст на резервните делови и дополнителни услуги

1. **Извршителот дава 10% попуст** за извршените сервисни услуги, кој не се предмет на овој договор
2. Понуда за резервни делови за **Соларни системи**, по цени кои се пониски од продажните за **7%** дефинирани во редовен ценовник на извршителот ЕКОСОЛАР дооел.
3. Сите дополнителни интервенции се наплаќаат по ценовникот за Сервисни услуги на "Еко Солар".

## **Член 6** Пријавување на дефекти

Корисникот се обврзува дека на персоналот на Извршителот ќе му ги завери работните налози и службената документација за извршената интервенција.
Пријавите за евентуални дефекти и во работното време се примаат на: e-mali z.trajkov@gmail.com или на телефон (032-606-983) кај извршителот од 08:00-12 секој работен ден од Понеделник до Петок. По добиен повик од извршителот до корисникот, извршителот е должен да испрати сервисна екипа во рок од најмногу 3 дена. (доколку се задоволени условите од член 4)

## **Член 7** Дополнителни услуги

Дополнителните услуги кои не се опфатени со овој договор можат дополнително да се договорат со Анекс и да доведат до корекција на месечениот надоместок за одржување.

## **Член 8** Доверливост на податоците

Извршителот е должен сите информации стекнати во работењето кај Корисникот да ги чува во своја евиденција.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

## Член 9

За се што не е прецизирано со овој Договор се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.
Сите несогласувања или спорови до кои би дошло врз основа на овој Договор, во врска со неговото толкување или спроведување, договорните страни ќе пробаат да ги решат со меѓусебно договарање во духот на добрите деловни односи. Ако таквиот договор не биде постигнат, спорот ќе го решава надлежниот суд во Штип.

## Член 10

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишување на истиот. Овој Договор се склучува на определено време и завршува со крајот на календарската година.Секоја од договорните страни има право да го раскине Договорот без отказен рок, со писмено известување на другата страна, во случај да другата страна не се придржува на некоја од договорените одредби.По истекување на рокот на важност на овој Договор, доколку не се откаже од било која страна и по било кој основ истиот по автоматизам е во сила и за следната година.

## Член 11

Овој Договор е составен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои по 1 (еден) примерок за секоја договорна страна.

Датум и место на потишување на договорот

| **Извршител на услуги** | **Корисник на услуги** |
| --- | --- |
| | **Име и презиме** ( или назив на фирма) |
| **Зоран Трајков** | **Потпис** |
| **ЕКОСОЛАР дооел** | |